Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-2421/8
07-08-2023 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, услуги, и трговија КРИН КГ ДОО увоз-извоз
Бр. 03-1/38
10.08 20 23 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22 и 129/23), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гранит на Друштвото за производство, услуги и трговија КРИН КГ ДОО увоз-извоз Прилеп на локалитетот „Мраморски рид" во атарот на с.Мраморани, општина Долнени бр.41-5484/8 од 11 јули 2023 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.148/23) и членот 23 од Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Мраморски рид" во атарот на с.Мраморани, општина Долнени бр.24-3345/2 од 07.06.2013 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за производство, услуги и трговија КРИН КГ ДОО увоз-извоз Прилеп**
**со адреса: Населено место без уличен систем Беровци, Прилеп**
**застапувано од лицето Ѓорѓи Китаноски**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден _________ 2023 година во Скопје, склучија:**

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА ЦЕЛОСЕН ПРЕНОС НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГРАНИТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „МРАМОРСКИ РИД" ВО АТАРОТ НА С.МРАМОРАНИ, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

## Член 1

Во Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Мраморски рид" во атарот на с.Мраморани, општина Долнени бр.24-3345/2 од 07.06.2013 година, членот 2 се менува и гласи:

## „Член 2

**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 1 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години".

Член 2

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Мраморски рид" во атарот на с.Мраморани, општина Долнени бр.24-3345/2 од 07.06.2013 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина - гранит на локалитетот „Мраморски рид" во атарот на с.Мраморани, општина Долнени бр.24-3345/2 од 07.06.2013 година остануваат во сила, непроменети.

| | |
|---|---|
| За Концедентот<br>ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА<br>СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,<br>Kreshnik Bekteshi | За Концесионер<br>Друштвото за производство<br>услуги и трговија КРИН КГ ДОО<br>увоз-извоз Прилеп<br>Ѓорѓи Китаноски |

Изработил/Përpiloi: Кика Шпритова<br>
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi<br>
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe<br>
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Мраморски Рид, с.Мраморани - Долнени

**Минерална суровина:** Гранит

Површина = 0.122500 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7541350 | 4584950 |
| 2 | 7541700 | 4584950 |
| 3 | 7541700 | 4585300 |
| 4 | 7541350 | 4585300 |